

# Математичка Сказна

# Могли

Во шумата владееше тишина, кога наеднаш се разнесе силен рев на крвожедниот тигар Шир Кан...

Тој се вртакаше во близина на селото сместено на работ на џунглата. Селото има колипки наредени во 6 реда. Во секој ред имаше по 9 колипки. Колку колипки имало селото?

Шир Кан разбра дека се загубило едно мало дете, кое може да биде вкусно залаче за него. И додека тој се вртакаше наоколу, загубеното дете луташе во подножјето на околните ридови, каде што беше кралството на волците. Кралството на волците броеше 13 семејства од по 5 члена. Колку волци живееле во кралството?

Волчицата мајка го здогледа малото дете како талка наоколу, му се приближи, нежно со забите го фати за раката и го поведе во своето дувло. Го стави меѓу своите малечки волчиња и му рече:

-Седи мирно и да не си писнал. Шир Кан ќе те намириса и сигурно ќе дојде да те побара.

И, навистина, по некое време пред дупката на дувлото се појави крвожедната муцка на тигарот, 'ржејќи:

- Волчице, ти наредувам да ми го предадеш малиот човек!
- Не ми паѓа на памет! - одговори волчицата и продолжи:
- Ако веднаш не си одиш оттука, многу ќе се каеш!

Познавајќи ја силата на една разлутена мајка кога ги штити своите малечки, Шир Кан си замина зарекувајќи се дека ќе се одмазди.

Мајката волчица се грижеше за детето како за свое и го научи да

завива и да лови како волк, да ги почитува постарите и му ги пренесе сите потребни знаења. Му даде и убаво име Могли.

Кога Могли порасна доволно, мајката волчица го запозна со нови пријатели, со црниот пантер Багира и со големата мечка Балу. Балу беше висока 1m8dm. Колку центиметри е висока Балу?

Мајката волчица му рече:

- Могли, тие ќе бидат твоите нови пријатели и учители. Со нив ќе ги научиш сите јазици на џунглата, а над се да ги сакаш и почитуваш сите животни што ќе ги среќаваш, од најмало до најголемо.

Пантерот Багира трчаше многу брзо. За 5 секунди истрчуваше 25m. Колку метри ќе истрча Багира за 25 секунди?

Могли, Багира и Балу се забавуваа, но имаа и денови посветени само на учењето. Навечер беа поканувани од различни животни на џунглата. Могли мораше да разговара со секого од нив. Така тој дозна дека крокодилот Данди живее три пати подолго од слонот Дамбо, а слонот Дамбо живее три пати подолго од папагалот Зазу. Папагалот Зазу живее 40 години. По колку години живеат крокодилот и слонот?

Се запозна и со питонот Каја:

- Здраво Каја! Како минува времето на еден питон како тебе?



- Ссс, денессс сссе иссспружив на една карпа и сссе сссончав. Сссега сссе чувссствувам сссосссема одморено.

Каја беше долга 230cm. Колку метри и колку дециметри е долга Каја?

Могли дозна дека биволот Били за еден час може да истрча 45km, носорогот Носко 10km повеќе од биволот, леопардот Точка два пати повеќе од носорогот, а лавот Симба 30km помалку од леопардот. Колку километри вкупно може да истрчаат за еден час биволот, носорогот, леопардот и лавот?

Еден ден, додека Могли дремеше под сенката на едно големо дрво, му пријде Бандар-Лог, едно симпатично и зборлесто шимпанзо, и рече:

- Здраво! Како се викаш? - и не чекајќи одговор почна да прави вратоломии и големи скокови. Скокна 7 пати по 55 cm. Колку центиметри се тоа?

Сето тоа многу го развесели Могли и кога почна да се забавува со движењата на Бандар-Лог, одеднаш беше заробен од други две шимпанза, кои го кренаа од земјата и го качија

на врвот од големото дрво во нивното живеалиште. Тоа се наоѓаше на височина од 9m87cm. Колку центиметри е високо живеалиштето на мајмуните?

Шимпанзата беа љубоморни затоа што Могли се поздравуваше со другите животни и поради тоа го грабнаа и го однесоа од своето живеалиште во урнатините на една стара тврдина, сета обрасната од џунглата. Старата тврдина имаше основа во форма на правоаголник со површина од $5628m^2$. Едната страна беше долга 84m. Колку изнесува должината на другата страна?

Но, Могли успеа да го привлече вниманието на јастребот Ран, кој долета да ги извести Багира и Балу. Тие тргнаа да го спасат Могли и по пат запреа пред дувлото на питонот Каја.

- Има ли некој дома? - праша Балу.

- Тука сссум - рече Каја, излегувајќи од под карпата.

Багира накусо и раскажа што се случило и тие заедно се упатија кон урнатините на стариот град.

Кога стасаа, се искачија на еден ѕид и оттаму скришум гледааа што се случува. Ѕидот беше изграден од 11 реда тули, наредени по 25 во секој ред. Колку тули се вградени во ѕидот?

- Багира, го гледаш ли Могли? Да не е затворен? - прашуваше загрижено Балу.

- Ене го, затворен е во кафез од колци - рече Багира.

Кафезот од колци имаше форма на коцка, со површина од $24m^2$. Колку е висок кафезот?

Тогаш Каја полека се спушти по ѕидот и се упати право кон шимпанзата, кои многу се плашеа од неа. Тие панично се разбегаа на сите страни.

Во меѓувреме, Балу и Багира стасаа до Могли, го искршија кафезот од колци и го ослободија. Потоа се упатија кон џунглата.

Вечерта приредија забава во чест на победата и ги поканија сите пријатели од џунглата. Во 5 кутии ставија 100 банани. Во првата и втората кутија има вкупно 52 банани, во втората и третата 43, во третата и четвртата има 34, а во четвртата и петтата кутија има 30 банани. Колку банани ставија во секоја кутија?

Но, среде забавата од еден џбун искокна Шир Кан велејќи:

- Најпосле те пронајдов, вкусно мое залаче! - и со еден голем скок се фрли кон Могли. Но, Багира беше побрза и го турна Могли настрана, а самата се исправи пред крвожедниот тигар. Истовремено Балу и Каја застанаа зад него. Тогаш Багира страшно заржа:

- Обично си посилен од нас, но денес сме многу разлутени од однесувањето на шимпанзите, а освен тоа и решени сме да ти ги наплатиме сите твои злодела.

Сите тројца, Багира, Балу и Каја, го нападнаа Шир Кан и го гребеа, касаа, го удираа толку многу што тој зацивка и панично избега од џунглата. Тој ја напушти, оставајќи ги пријателите здружени и весели.

м-р Душанка Панкова